# Коментар на неревидиран консолидиран Биланс на успех и Биланс на состојба на Комерцијална банка АД Скопје за периодот 01.01- 30.06.2019 година

Согласно Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи од НБРМ, за групата на правни субјекти што се под контрола на матична банка се изработуваат консолидирани финансиски извештаи.

Консолидираниот неревидиран Биланс на успех и Биланс на состојба на Банката за периодот 01.01 - 30.06.2019 година се состои од Биланс на успех и Биланс на состојба на Комерцијална банка АД Скопје и на подружницата КБ Публикум инвест АД Скопје – Друштво за управување со инвестициони фондови, претставени како биланси на едно правно лице.

Во периодот 01.01 - 30.06.2019 година, групата на консолидирана основа има остварено позитивен финансиски резултат во износ од 676,1 милион денари, наспроти остварениот позитивен финансиски резултат во износ од 1.325,2 милиони денари во истиот период од минатата година.

Вкупната актива на консолидирана основа изнесува 114.211,3 милиони денари и е намалена за 0,2% во однос на состојбата од декември 2018 година.